## ЗА БУТЕЛ

# ГАРАНТИРАМЕ

7

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живееете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Во Општина Бутел живеам целиот свој живот. Оваа општина е мојот дом, па и многу повеќе од тоа. Тука растев, тука го создадов моето семејство, тука почнав и тука сакам да продолжам да ја создавам иднината.

Во оваа наша општина, заедно со мојот брат, пред петнаесет години го создадовме таеквондо клубот „Бутел“, воспитуваме многу млади генерации кои прераснуваат, пред сè, во општествено корисни личности. Клубот постигнува врвни спортски резултати, меѓу нив, и најголемиот спортски успех во независна Македонија, сребрениот медал на Олимписките игри во Токио.

Пред нас се клучните избори на кои ќе одлучуваме за нашата иднина и за иднината на нашите блиски. Ние, сите заедно, ќе одбереме во каква насока во наредните 4 години сакаме да се движи Општина Бутел.

Изминатиот период ја извршував функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија, но го прифатив предизвикот да бидам ваш кандидат за градоначалник. Довербата која ми ја дадовте е една голема привилегија и одговорност. Привилегија е затоа што ќе можеме заедно да ја создаваме и креираме иднината на нашата општина, а одговорноста е голема - да го разрешиме целиот хаос кој владее во Општина Бутел.

Градоначалник не е само функција, градоначалник е институција која работи за граѓаните. Токму затоа и се кандидирам, затоа што Општина Бутел во изминатите 4 години беше окупирана општина без визија, без напредок и без ниту едно реализирано ветување. Општина во која владее криминалот, корупцијата и изнудата! Општина Бутел остана единствена општина во Град Скопје која не реализираше ниту еден капитален проект. Додека сите вложуваат во нови технологии, Општина Бутел сè уште има проблеми со населени места во кои нема вода за пиење, неасфалтирани улици, комунални проблеми. И ова мора да се промени! Општина Бутел заслужува многу повеќе! На Општина Бутел ѝ се потребни промени!

Заедно, по 17 октомври, ќе започнеме со реализирање на проектите кои се дел од оваа програма, која јас заедно со сите граѓани на Општина Бутел ја создадовме. Ќе го запреме градежниот хаос и ќе се насочиме кон реализирање на капитални носечки проекти кој ќе го променат изгледот на Општина Бутел. Решавање на клучните проблеми со кои се соочуваат граѓаните на Општина Бутел ќе бидат приоритет. Вложувањето во економија и обезбедување нови можности за сите луѓе ќе биде мој фокус. Грижата за најмладите, но и за возрасните, ќе биде наша обврска. Младите и спортот се мое секојдневие, така и ќе остане. Ветувам поддршка на спортот како никогаш досега, а за младите ќе направам сè да останат тука, затоа што Општина Бутел е наш дом.

Јас имам доверба во вас и верувам дека и вие ќе ми ја дадете довербата на 17 октомври заедно да ја реализираме новата визија и идеја за модерна, просперитетна и безбедна Општина Бутел.

Со почит,

Дарко Костовски

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА БУТЕЛ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

## ИЗГРАДБА НА НОВА МОДЕРНА ПОЛИКЛИНИКА

Изградба на нова модерна поликлиника од цврста градба со којашто ќе бидат задоволени здравствените потреби на сите луѓе од Општина Бутел и околните општини. Во неа ќе има ординации по општа медицина и ординации со специјалистичка дејност, како и пункт на итна медицинска помош.

**Рок:** 2025 година.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Бутел и Град Скопје, Министерство за здравство и домашни и меѓународни финансиски фондови.

## УРЕДУВАЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО НА СЕРАВА

Уредување на речното корито по течението на Серава, почнувајќи од Радишани сè до Бутел. Поставување модерна урбана опрема, изградба на нова пешачка патека, патека за џогирање, клупи и ново ЛЕД енергетско ефикасно осветлување.

**Рок:** 2025 година

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## ОЛИМПИСКИ СПОРТСКИ КОМПЛЕКС

Изградба на нов модерен олимписки спортски центар. Спортскиот центар ќе содржи фудбалски стадион за голем фудбал, фудбалско миниигралиште со вештачка трева, затворен минибазен за потреба на спортските клубови, игралиште за баскет, сала за боречки вештини, мултифункционална сала, два терени за тенис, отворена фитнес-зона, кафуле и парк за прошетка и големо детско игралиште.

**Рок:** 2025 година

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## ИЗГРАДБА НА МОДЕРЕН ПЛОШТАД И ДОМ НА КУЛТУРАТА

Изградба на нов модерен плоштад во населено место „Св. Климент Охридски“ - Бутел 1, на местото од постоечката полициска станица и привремената амбуланта. Урбан модерен плоштад со голема фонтана, нова урбана опрема, како и изградба на дом на културата.

**Рок:** 2025 година

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## НОВИ ПАРКОВИ ЗА ЗЕЛЕНА ОПШТИНА БУТЕЛ

Два големи нови парка кои ќе го вратат зеленилото и чистиот воздух во Општина Бутел, како и нова содржина за рекреација на сите граѓани на Општина Бутел. Првиот парк ќе се наоѓа од левата страна на булеварот „Христијан Тодоровски-Карпош“, гледано кон Радишани. Ова ќе биде меѓу најголемите паркови на територија од Град Скопје. Парк со нови содржини пешачки патеки, трим патеки за трчање, нова урбана опрема, фонтани, ново ЛЕД енергетско ефикасно осветлување и детски игралишта. Вториот голем парк ќе се изгради во населбата Радишани, над третиот влез, кај коњичкиот клуб. Парк кој ќе биде нова содржина за спорт и рекреација за жителите на населбата Радишани и околните места. Паркот ќе содржи нова урбана опрема, нови пешачки патеки, фонтани и ново ЛЕД енергетско ефикасно осветлување. За дополнителни објекти во неговиот состав ќе биде спроведена анкета кај локалното население.

**Рок:** 2023 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## ИЗГРАДБА НА НОВА ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА И ПРОТИВПОЖАРЕН ПУНКТ

Во населеното место Расадник, во соработка со Министерството за внатрешни работи, ќе се изгради нова модерна полициска станица и противпожарен пункт кој ќе ги задоволи потребите на Општина Бутел и околните општини.

**Рок:** 2025 година.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Бутел и на Град Скопје, Министерство за внатрешни работи и меѓународни и домашни финансиски фондови.

## НОВИ ИНДУСТРИСКИ ЗОНИ

Изградба на две нови индустриски зони кој ќе привлечат нови домашни и странски инвестиции. Прва индустриска зона која ќе биде наменета за лесна индустрија ќе биде лоцирана од десната страна на булеварот „Христијан Тодоровски-Карпош", гледано кон Радишани, додека другата индустриска зона ќе биде лоцирана на потегот од кејот на Серава кон Градските гробишта „Бутел".

**Рок:** 2023 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## ИЗГРАДБА НА НОВИ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ И ПРОШИРУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Изградба на нова детска градинка во склоп на ООУ „Климент Охридски". Изградба на нова детска градинка во рамките на комплексот детски градинки во населено место Расадник. Реконструкција и проширување на капацитетите на постоечките градинки во Бутел 1, Бутел 2 и Скопје-Север.

**Рок:** 2025 година

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Бутел и на Град Скопје, Министерство за труд и социјална политика, меѓународни и домашни финансиски фондови.

## ИЗГРАДБА НА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО НАСЕЛЕНОТО МЕСТО ВИЗБЕГОВО

Со изградбата на ново основно училиште во Визбегово ќе биде надминат долгогодишниот проблем на ова населено место.

**Рок:** 2025 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел и на Град Скопје, Министерство за образование и домашни и меѓународни финансиски фондови.

## ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНА МРЕЖА И ПОВРЗУВАЊЕ СО ГРАДСКИОТ ВОДОВОД ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА: С. ЉУБАНЦИ И С. ЉУБОТЕН.

Изградба на водоводна мрежа и поврзување со градскиот водовод за непрекинато континуирано снабдување со квалитетна вода за пиење.

**Рок:** 2024 година.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Бутел и Град Скопје и меѓународни финансиски фондови.

## НУЛТА ТОЛЕРАНЦИЈА ЗА КОРУПЦИЈА, КРИМИНАЛ И ИЗНУДА

Непланската урбанизација, урбаната мафија и бетонизацијата во изминатите години ја направија Општина Бутел рекордер по диваградби и нелегално изградени објекти. Во првата година од мандатот ќе се направи ревизија на сите донесени планови кои ќе бидат променети со директно учество на граѓаните. За плановите кои се во различни фази на донесување ќе се формираат граѓански совети за секој план одделно и ќе се вратат повторно на јавна анкета пред граѓаните. Сите издадени активни одобренија за градба ќе бидат административно и теренски проверени дали се во согласност со закон. Секое ново одобрение за градба ќе биде јавно објавено на веб-страницата на Општината со цел зголемување на транспарентноста, но и можноста на граѓаните да изјават жалби и приговори.



# 3. ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

Во наредните четири години ќе се обврземе на подобрување на условите за основање и водење бизнис на територијата од Општина Бутел, како и нивна промоција. Општината ќе обезбеди поволни услови за влез на домашни и странски инвеститори, како и подобрување на инфраструктурните услови во веќе постоечките индустриски зони во Визбегово и Расадник. Новите две предвидени индустриски зони со својата атрактивна местоположба ќе ја зголемат заинтересираноста кај инвеститорите. Близината со обиколницата, како и брзиот пристап до булеварите ќе бидат предност за инвеститорите кои ќе одлучат да инвестираат во Општина Бутел. Новата општинска власт ќе донесе нова стратегија за олеснување за постапката за градба за инвеститорите во индустриските зони преку намалување на комуналните такси.



# 4. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА - SMART CITY

## НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ И ПАРКОВИТЕ ЌЕ БИДЕ ИНСТАЛИРАН БЕСПЛАТНО ДОСТАПЕН ЈАВЕН WI-FI.

## ТВОЈ ДОКУМЕНТ - НАША РАБОТА

Со open data системот ќе им се овозможи на граѓаните од Општина Бутел брза и ефикасна достапност по електронски пат на сите потребни документи и информации во надлежностите на Општината.



# 5. МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТУКТУРА

- **Проекти за твоето населено место**

## ЉУБАНЦИ

### ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНА МРЕЖА И ПОВРЗУВАЊЕ СО ГРАДСКИОТ ВОДОВОД.

Изградба на водоводна мрежа и поврзување со градскиот водовод за непрекинато континуирано снабдување со квалитетна вода за пиење.

**Рок:** 2024 година.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Бутел и на Град Скопје, меѓународни финансиски фондови.

### ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДЕЛОВИТЕ КАДЕ ШТО НЕМА ПОСТОЈНА МРЕЖА.

Изградба на нова фекална канализација во деловите од с. Љубанци каде што нема постојна мрежа заради подобрување на животните услови.

**Рок:** 2024 година.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Бутел и на Град Скопје, домашни и меѓународни финансиски фондови.

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ДО СПОРТСКАТА САЛА.

Реконструкција и поставување нови содржини на детското игралиште кое се наоѓа до спортската сала.

**Рок:** 2022 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

### АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИТЕ.

Асфалтирање и реконструкција на веќе постоечките улици и изградба на нови на места каде што тоа е неопходно заради подобрување на сообраќајната инфраструктура.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

### ПОСТАВУВАЊЕ НОВО И ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ.

Поставување нови ЛЕД енергетско ефикасни светилки и одржување на постоечкото улично осветлување.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

### ПОСТАВУВАЊЕ СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА.

Поставување сообраќајна сигнализација, „легнати полицајци“ и нови сообраќајни знаци заради зголемување на безбедноста во сообраќајот во сите делови каде што тоа е неопходно.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## ЉУБОТЕН

### ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНА МРЕЖА И ПОВРЗУВАЊЕ СО ГРАДСКИОТ ВОДОВОД.

Изградба на водоводна мрежа и поврзување со градскиот водовод заради континуирано снабдување со вода за пиење.

**Рок:** 2024 година

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Бутел, на Град Скопје и меѓународни финансиски фондови.

### АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИТЕ.

Асфалтирање и реконструкција на веќе постоечките улици и изградба на нови на места каде што тоа е неопходно заради подобрување на сообраќајната инфраструктура.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

### ПОСТАВУВАЊЕ НОВО И ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ.

Поставување нови ЛЕД енергетско ефикасни светилки и одржување на постоечкото улично осветлување.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

### ПОСТАВУВАЊЕ СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА.

Поставување сообраќајна сигнализација, „легнати полицајци“ и нови сообраќајни знаци поради зголемување на безбедноста во сообраќајот во сите делови каде што тоа е неопходно.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## РАДИШАНИ (ГОРНА ЗОНА)

### ОДДЕЛУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКАТА ОД ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ЦЕЛО НАСЕЛЕНО МЕСТО.

Одделување на атмосферската од фекалната канализација во цело населено место и поставување нова канализацска мрежа заради решавање на проблемот кои го имаат жителите од ова населено место.

**Рок:** 2024 година.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Бутел и на Град Скопје.

### ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

на крајот од ул. „46“. Изградба на нова фекална канализацијата крајот од ул. „46“, каде што нема постојна мрежа заради подобрување на животните услови.

**Рок:** 2025 година.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Бутел и Град Скопје, домашни и меѓународни финансиски фондови.

### ИЗГРАДБА НА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ СО МИНИИГРАЛИШТЕ ЗА КОШАРКА.

Изградба, реконструкција и проширување на постоечкото детско игралиште. Изградба на ново миниигралиште за баскет и поставување урбана опрема.

**Рок:** 2022 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКОТО ИГРАЛИШТЕ.

Реконструкција на големото спортско игралиште, поставување ново ЛЕД егергетско ефикасно осветлување, нова спортска опрема и реновирање на постоечките трибини.

**Рок:** 2024 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## ИЗГРАДБА НА ПОТПОРЕН ЅИД НА УЛИЦИТЕ „48“ И „50“.

Изградба на нов потпорен ѕид меѓу улиците „48“ и „50“ заради спречување свлечиште на земјиштето.

**Рок:** 2023 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## ИЗГРАДБА НА НОВ МОСТ НА УЛ. „52“.

Изградба на нов безбеден и стабилен мост на ул. „52“ кој треба да ги поврзува двата дела на населеното место.

**Рок:** 2023 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИТЕ.

Асфалтирање и реконструкција на веќе постоечките улици и изградба на нови на места каде што тоа е неопходно заради подобрување на сообраќајната инфраструктура.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## ПОСТАВУВАЊЕ НОВО И ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ.

Поставување нови ЛЕД енергетско ефикасни светилки и одржување на постоечкото улично осветлување.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## ПОСТАВУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА.

Поставување сообраќајна сигнализација, „легнати полицајци“ и нови сообраќајни знаци заради зголемување на безбедноста во сообраќајот во сите делови каде што тоа е неопходно.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

# РАДИШАНИ

## УРБАНО УРЕДУВАЊЕ НА ПОТЕГОТ КАЈ СПОРТСКИТЕ ИГРАЛИШТА.

Целосно уредување на потегот кај спортските игралишта. Реконструкција на фудбалското, кошаркарското и детското игралиште, поставување клупи и изградба на миниплоштад.

**Рок:** 2024 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## УРЕДУВАЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО НА СЕРАВА.

Целосно уредување на речното корито на Серава, изградба на пешачки патеки со урбана опрема и изградба на 2 моста по нејзиното течение. **Рок:** 2024 година

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## НОВА УЛИЦА.

Изградба и пробивање на нова улица од другата страна на Серава.

**Рок:** 2024 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ.

Реконструкција на детско игралиште на ул. „8“, на патот од Радишани кон Љуботенски Пат.

**Рок:** 2022 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

Поставување и изградба на тротоар на ул. „8“. **Рок:** 2023 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## ИЗГРАДБА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ. „50“.

**Рок:** 2024 година

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Бутел и на Град Скопје.

## МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР

**Рок:** 2025 година

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

### АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИТЕ.

Асфалтирање и реконструкција на веќе постоечките улици и изградба на нови на места каде што тоа е неопходно заради подобрување на сообраќајната инфраструктура.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

### ПОСТАВУВАЊЕ НОВО И ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ.

Поставување нови ЛЕД енергетско ефикасни светилки и одржување на постоечкото улично осветлување.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

### ПОСТАВУВАЊЕ СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА.

Поставување сообраќајна сигнализација, „легнати полицајци“ и нови сообраќајни знаци поради зголемување на безбедноста во сообраќајот во сите делови каде што тоа е неопходно.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## НАСЕЛБА РАДИШАНИ

### ИЗГРАДБА НА ПАРК И ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО НАСЕЛБАТА РАДИШАНИ КАЈ КОЊИЧКИОТ КЛУБ.

Изградба на голем, модерен и урбан парк со детско игралиште, нови патеки и нова урбана опрема. Паркот ќе биде место за одмор, рекреација и безбедна игра на најмладите. За дополнителни објекти во неговиот состав ќе биде спроведена анкета кај локалното население.

**Рок:** 2023 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

### УРЕДУВАЊЕ НА ТРГОВСКИОТ ЦЕНТАР „РАДИШАНИ“ И ПАЗАРЧЕТО.

Менување на покривот и олуците. Поставување нови клупи, корпи, уредување на паркот и поставување чешма.

**Рок:** 2023 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## ИЗГРАДБА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА.

**Рок:** 2025 година.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Бутел и на Град Скопје.

## СУБВЕНЦИИ ЗА ЗАМЕНА НА ПОКРИВ НА КОЛЕКТИВНО ДОМУВАЊЕ.

Субвенции за замена на азбестните покриви на објекти за колективно домување по приоритет на оштетеност.

**Рок:** 2025 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## СУБВЕНЦИИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ФАСАДА.

Субвенционирање за поставување нови енергетско ефикасни фасади на згради по приоритет на оштетеност.

**Рок:** 2025 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ СПРОТИ ГРАДИНКАТА.

Реконструкција и поставување нови содржини и модерна урбана опрема.

**Рок:** 2023 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОШИРУВАЊЕ НА УЛ. „ЃОРЕ ЃОРЕВСКИ“ ПОРАДИ СООБРАЌАЈНИОТ МЕТЕЖ И ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ.

**Рок:** 2024 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## МОНТАЖНИ КАТНИ ГАРАЖИ НА ПОСТОЈНИТЕ ПАРКИНЗИ ОКОЛУ ЗГРАДИТЕ.

Поставување монтажни катни гаражи кои ќе го намалат сообраќајниот метеж и ќе го решат проблемот со паркирање на граѓаните од населените места во населбата Радишани.

**Рок:** 2025 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

### ПРОШИРУВАЊЕ НА ВЛЕЗОТ НА ООУ „АЦО ШОПОВ“ И ИЗГРАДБА НА ПАРКИНГ ЗАД УЧИЛИШТЕТО.

Решавање на сообраќајниот метеж на главниот влез пред ООУ „Ацо Шопов“ и зголемување на безбедноста на учениците.

**Рок:** 2024 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

### АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИТЕ.

Асфалтирање и реконструкција на веќе постоечките улици и изградба на нови на места каде што тоа е неопходно заради подобрување на сообраќајната инфраструктура.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

### ПОСТАВУВАЊЕ НОВО И ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ.

Поставување нови ЛЕД енергетско ефикасни светилки и одржување на постоечкото улично осветлување.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

### ПОСТАВУВАЊЕ СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА.

Поставување сообраќајна сигнализација, „легнати полицајци“ и нови сообраќајни знаци поради зголемување на безбедноста во сообраќајот во сите делови каде што тоа е неопходно.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## БЕЛ КАМЕН

### ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА.

Изградба на нова фекална канализација каде што нема постојна мрежа заради подобрување на животните услови.

**Рок:** 2025 година.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Бутел и на Град

Скопје, домашни и меѓународни финансиски фондови.

## ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГЛАВНАТА УЛИЦА И ПОСТАВУВАЊЕ ТРОТОАР ОД ЕДНАТА СТРАНА.

**Рок:** 2024 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## ИЗГРАДБА НА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ.

Изградба на ново детско игралиште со нова урбана опрема и нови содржини за најмладите.

**Рок:** 2023 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИТЕ.

Асфалтирање и реконструкција на веќе постоечките улици и изградба на нови на места каде што тоа е неопходно заради подобрување на сообраќајната инфраструктура.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## ПОСТАВУВАЊЕ НОВО И ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ.

Поставување нови ЛЕД енергетско ефикасни светилки и одржување на постоечкото улично осветлување.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## ПОСТАВУВАЊЕ СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА.

Поставување сообраќајна сигнализација, „легнати полицајци“ и нови сообраќајни знаци поради зголемување на безбедноста во сообраќајот во сите делови каде што тоа е неопходно.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

# РАСАДНИК

## ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА СО ПРОТИВПОЖАРЕН ПУНКТ.

Изградба на нова полициска станица и нов противпожарен пункт кој ќе ги опслужува потребите на Општина Бутел и околните општини.

**Рок:** 2025 година.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Бутел, на Министерство за внатрешни работи и меѓународни и домашни финансиски фондови.

## ИЗГРАДБА НА НОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА.

**Рок:** 2025 година.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Бутел, на Град Скопје, на МТСП и меѓународни и домашни финансиски фондови.

## ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА И УРЕДУВАЊЕ НА ПОТЕГОТ КАЈ ПОСТОЈНИТЕ ИГРАЛИШТА.

Нови содржини, ново детско игралиште, нова урбана опрема, како и реконструкција на постоечките спортски игралишта.

**Рок:** 2024 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

Изградба на фекална канализација. Изградба на нова фекална канализација на местата каде нема постојана мрежа **Рок:** 2025 година.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Бутел, на Град Скопје, меѓународни и домашни финансиски фондови.

## РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА.

Поставување и изградба на нова атмосферска канализација во деловите од населеното место каде што е потребно за решавање на проблемите со поплавување.

**Рок:** 2025 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општината, на Град Скопје, меѓународни и домашни финансиски фондови.

### АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИТЕ.

Асфалтирање и реконструкција на веќе постоечките улици и изградба на нови на места каде што тоа е неопходно заради подобрување на сообраќајната инфраструктура.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

### ПОСТАВУВАЊЕ НОВО И ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ.

Поставување нови ЛЕД енергетско ефикасни светилки и одржување на постоечкото улично осветлување.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

### ПОСТАВУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА.

Поставување на сообраќајна сигнализација, „легнати полицајци“ и нови сообраќајни знаци поради зголемување на безбедноста во сообраќајот во сите делови каде што тоа е неопходно.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФУДБАЛСКОТО, КОШАРКАРСКОТО И ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ, ПОСТАВУВАЊЕ КЛУПИ И ИЗГРАДБА НА МИНИПЛОШТАД.

**Рок:** 2024 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

### ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА.

**Рок:** 2025 година

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Бутел, на град Скопје, меѓународни и домашни финансиски фондови.

### ИЗГРАДБА НА ТРОТОАР НА УЛ. „30“ ОД ЕДНАТА СТРАНА.

**Рок:** 2023 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

### АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИТЕ.

Асфалтирање и реконструкција на веќе постоечките улици и изградба на нови на места каде што тоа е неопходно заради подобрување на сообраќајната инфраструктура.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

### ПОСТАВУВАЊЕ НОВО И ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ.

Поставување нови ЛЕД енергетско ефикасни светилки и одржување на постоечкото улично осветлување.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

### ПОСТАВУВАЊЕ СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА.

Поставување сообраќајна сигнализација, „легнати полицајци“ и нови сообраќајни знаци поради зголемување на безбедноста во сообраќајот во сите делови каде што тоа е неопходно.

**Рок:** континуирано.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

## ЉУБОТЕНСКИ ПАТ

### ЦЕЛОСНО УРЕДУВАЊЕ НА ПОТЕГОТ КАЈ СПОРТСКОТО ИГРАЛИШТЕ НА ПОСЛЕДНАТА АВТОБУСКА ПОСТОЈКА ОД ЛИНИЈАТА 8-КА.

Реконструкција на фудбалското, кошаркарското и детското игралиште, поставување клупи и изградба на миниплоштад.

**Рок:** 2024 година

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

### ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА.

**Рок:** 2025 година.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Бутел, на Град Скопје, меѓународни и домашни финансиски фондови.

### ИЗГРАДБА НА ТРОТОАР НА УЛ. „30“ ОД ЕДНАТА СТРАНА.

**Рок:** 2023 година.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Бутел.

